PROagens ****®

kontakt@proagens.com.mk
02/3162 979, 3229 479
www.proagens.mk

ОБУКА 4/2022:
ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА И НОВИ ДАНОЧНИ ПРОПИСИ 2023 ГОДИНА!

термини: - On line

- **22 ДЕКЕМВРИ** (четврток) 2022
- **24 ДЕКЕМВРИ** (сабота) 2022
- **27 ДЕКЕМВРИ** (вторник) 2022



Обуката ќе се одвива преку zoom апликацијата, со почеток од 10 часот.

НИ ПРЕРАНО, НИ ПРЕДОЦНА...
ТОЧНО НА ВРЕМЕ!

ПРОГРАМА
ЗА ПРОАГЕНСОВАТА ОБУКА 4/2022

РОКОВИ И ОБВРСКИ ЗА КОМПАНИИТЕ, ТРГОВЦИТЕ-ПОЕДИНЦИ И СВД, НЕПРОФИТНИ СУБЈЕКТИ И БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ ДО КРАЈОТ НА ФЕВРУАРИ 2023 ГОДИНА

2023 - НОВИНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДДВ (ПРЕДЛОГ-ЗАКОН)

1) Третман на кусоците и трошокот за кало, растур, крш и расипување
2) Поделба на листата на производи за човечка исхрана на основни производи за човечка исхрана кои се оданочуваат со 5% и останати производи за човечка исхрана кои ќе се оданочуваат со 10% ДДВ
3) Опфат и даночен третман на телекомуникациски услуги и услуги извршени по електронски пат
4) Вредносни ваучери
   - Еднонаменски ваучер, како промет на добра/услуги
   - Повеќенаменски ваучер, со одложен промет на добра/услуги
5) Солидарна одговорност за даночните обврски во поврзано лице за ДДВ
6) Воведување на „Даночен застапник“ на странско лице, за промет во земјата
   - Обврска за регистрација на странски лица за цели на ДДВ во земјата и назначување на даночен застапник
   - Обврски на даночниот застапник и солидарно гарантирање за даночниот долг
7) Место на промет на услуги (измена на членот 14 од Законот, со кој се уредува оданочувањето според местото на прометот на услугите)
8) Дефинирање на посебни даночни основи за:
   - прометот остварен по пат на лицитација,
   - промет со увезени половни патнички моторни возила во рок од 3 години од увозот,
   - преносот на движен и недвижен имот во постапка за присилна наплата/извршување.
9) Среден наместо продажен курс за даночен долг од надомести во странска валута
10) Укинување на можноста за истакнување во ДДВ Пријавата на даночно побарување со кое се плаќа даночен долг на друг даночен обврзник
11) Повторна примена на фактури во електронска форма (pdf или друг електронски формат) доставени по електронски пат
12) Разрешница за најавеното зголемување на прагот за регистрација за ДДВ на 3 милиони денари

2023 - НОВИНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД (ПРЕДЛОГ-ЗАКОН)

1) Ново одлагање на примената на даночната прогресија. Примена на даночна стапка различна од 10% (15% и помали ефективни даночни стапки).
2) Оданочување на доходот од камати и дивиденди
3) Даночен третман на каматите од орочено штедење
4) Промени во оданочувањето на капиталните добивки
5) Новини во оданочувањето на капиталните добивки од ХВ и удели во инвестициски фондови
6) Нов даночен третман на осигурувањето (животно, здравствено и доброволно пензиско)
7) Новина: Оданочување на користењето на компаниски возила
8) Новини во оданочувањето на трговци поединци и СВД

ОДЛУКИ ПО ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОПИС И ПОСТАПУВАЊА ПО ОДЛУКИТЕ

1) Усогласување на вредноста на средствата, побарувањата и обврските
2) Евиденција на разликите по попис
3) Третман на кусок (од аспект на ДДВ, данок на добивка и данок на личен доход)

РАСХОДИ ЗА ЗАЛИХИ ПО ОСНОВ НА КАЛО, РАСТУР, КРШ И РАСИПУВАЊЕ

1) Примена на Правилникот за кало, растур, крш и расипување
2) Третман од аспект на ДДВ и данок на добивка

РАСХОДИ ОД ОСНОВНИ СРЕДСТВА

1) Третман на отписот на ОС
2) Барање согласност за признавање на расходот од УЈП

ДДВ

1) Последна ДДВ пријава за календарската година и исправки на ДДВ пријавите од 2022
2) Регистрација и дерегистрација за ДДВ
3) Други актуелности

ЗАСТАРЕНОСТ НА ОБВРСКИТЕ

1) Функција на рокот на застареност
2) Настапување на застареноста и последици од застареноста
3) Општ и посебни рокови на застареност
4) Дејство на исполнување на застарена обврска
5) Прекинување на застарувањето
6) Застој на застарувањето и
7) Пресметување на казнена камата поради задоцнување на должникот со исполнување на обврска.

ДЕТАЛИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДАНОЧНАТА ОСНОВА ПО ОСНОВ НА РЕИНВЕСТИРАНА ДОБИВКА ЗА 2022 ГОДИНА

2023 - НОВИНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА (ПРЕДЛОГ-ЗАКОН)

1) Даночен третман на животното и здравственото осигурување. Посебности во даночниот третман на доброволното пензиско осигурување. Даночен третман на помошта за лекување.
2) Зголемување на известувачките обврски во врска со трансферните цени. Посебен рок за чување на Извештајот за трансферни цени. Различно постапување со Извештајот за трансферни цени за 2022 година.
3) Нов образец за трансферни цени.
4) Посебности за ослободувањето по основ на реинвестирана добивка за 2023 година и разлики во однос на 2022 година
5) Правни последици од незаконско постапување по основ на реинвестирана добивка
6) Субвенционирање на спортски субјекти во 2023 година - можности
7) Најава – Можност за оданочување на екстра профитот

8) Промена на режимот на оданочување на микро и малите тровци со вкупен приход до 3 милиони денари

РАСЧИСТУВАЊЕ НА РАБОТНО ПРАВНИ И ДРУГИ ДЕЛОВНИ ДИЛЕМИ

1) Работни односи и социјално осигурување (боледување, патолошка бременост, заменски работник, регрес за годишен одмор, надомест на трошоците од работен однос и новогодишен надомест, задршки од плата по повеќе основи, практиканти, изјава за доверливост, статус на работник кој е на издржување затворска казна, пензија...)
2) Сметководство - случаи во кои е дозволено дополнително работење
3) Облигации - правна валидност на изјава за компензација
4) Платен промет и финансиска дисциплина - рокови во кои се дозволени пресметковни начини на плаќање и статус на субјекти со блокирани сметки
5) Трговија - обврзници за плаќање надомест од 2% од прометот за работа во недела и на празници
6) Трговски друштва - задолжителност на основање на подружници
7) 13-та плата – надомест за деловна успешност
8) Останати дилеми

ОТКАЗ ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ И ПРАВА НА РАБОТНИКОТ ПО ОТКАЗОТ

1) Превентивни мерки
2) Приоритетно право за вработување
3) Критериуми за утврдување на технолошки вишок
4) Право на испратнина
5) Право на паричен надоместок од АВРМ
6) Барање за остварување на право на паричен надоместок
7) Основица и износ на паричниот надоместок
8) Ограничено право на пензиско и инвалидско осигурување

ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

1) Обврска на трговецот за истакнување на условите за продажба
2) Обврска на трговецот при означување на цените
3) Спроведување на продажни поттикнувања (распродажба, акциска продажба, промоција, сезонско намалување, промет на стоки со недостаток/грешка и промет на стоки со изминувачки рок на употреба)
4) Заеднички понуди и Програми за лојални потрошувачи
5) Декларации, информации и документи за производи и услуги (обврска за истакнување и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните)

ОСТАНАТИ ТЕМИ

1) Плаќање со пресметка за субјектите со блокирани сметки за 2023 година
2) Нов износ на минимална нето плата - јануари 2023 година
3) Лично ослободување за 2023 година

ОДГОВОРИ НА ПОСТАВЕНИ ПРАШАЊА

Важно:
Секој учесник на е-Обуката на Про Агенс ќе добие ПРИРАЧНИК и ПРЕЗЕНТАЦИИ од Обуката во pdf формат на пријавениот е-маил за обука.

Ц Е Н И !

Цена за еднодневна ОБУКА е **2.360** денари.

Задолжителна претходна уплата на сметката на Про агенс, **210-0503940101-43**, кај НЛБ банка. Повикување на број: **22-4-8.**

kontakt@proagens.com.mk | 02/ **3162-979** и **3298-763** | www.**proagens**.mk